РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА- KUZEY MAKEDONYA CUMHURYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр. - No. 14-477/10
28.12.2021 год./ yılı

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 29 став 1 точка 16 од Статутот на општина Центар („Сл. гласник на општина Центар Жупа" број16/20), Советот на општина Центар Жупа , на 2-та седница одржана на ден 28.12.2021 година, донесе:

П Р О Г Р А М А
за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Центар Жупа за 2022 година

I. Вовед

Програмата за одржување и уредување на јавното зеленило на подрачјето на Општина Центар Жупа за 2022 година, има за цел да ги прикаже видот и обемот на работите за одржување на зеленилото на подрачјето на општината, заштитените подрачја и спортско рекреативните центри и уредувањето на нови зелени површини, како и начинот на нивното финансирање.

Редовното одржување на зеленилото се реализира со примена на соодветна динамика и интензитет на работните операции, прикажани во табеларните прегледи, опфатени со Годишниот план за работа на извршителот на Програмата.

Подигањето на нови зелени површини и реконструкцијата на деградирани зелени површини се врши според утврдените потреби.

II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗЕЛЕНИЛО

Одржувањето на јавното зеленило е планирано во согласност со стандардните и биотехничките нормативи.

Реализацијата на Програмата се спроведува преку:

- Одржување на јавното зеленило на подрачјето на општината и одржување на јавното зеленило во вонцентралниот појас.

1. Јавно зеленило на подрачјето на општината

Одржувањето на јавните зелени површини на подрачјето на општина Центар Жупа се врши интензивно, екстензивно.

Под интензивно одржување подлежат следниве зелени површини:

1. Парковски зелени површини;
2. Зелени површини кои по урбанистичкиот план се од јавен карактер;
3. Зелена површина на ,,Здравствен дом";
4. Зелена површина кај куќата на Кемал Ататурк";

Под екстензивно одржување подлежат дрворедите, зелените површини околу детските игралишта во центарот и вонцентрално зеленило.

Динамиката и интензитетот на одржување на јавното градско и вонградско зеленило ќе се уреди согласно со Оперативна програма, истото се врши согласно со прегледите кои се составни делови на Програмата, со кои ке се

вградат сите елементи на одржување на централно и вонцентрално зеленило со сите негови пропратни делови како и мерки за негово збогатување и реконструкција.

. Други зелени површини

Во други зелени површини кои се од јавен карактер и кои се под интензивно одржување:

- зеленило пред општинската зграда,.....800 м/2
- зеленило пред ,,здраствен дом”.....115 м/2

Вкупно: _____915м/2

ПРЕГЛЕД НА ТЕКОВНОТО ОДРЖУВАЊЕ НА ОПШТИНСКОТО ЗЕЛЕНИЛО И ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ОПЕРАЦИИ

Реден Број	Вид операција	Мерна единица	поваршина	Бр.на операци /12		
1	Гребуларење на тревата	м 2	915	10		
2	Чистење на зелени површини	м 2	915	12		
3	Собирање на отпад со износ	х а	359,5	70		
4	Метење на стази	м	345	70		

ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ОПЕРАЦИИ - КАЛЕНДАРСКИ

Реден број	РАБОТНА ОПЕРАЦИЈА	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	Вкупно
1	Гребулење на тревата .	_	_	_	1	2	2	1	2	1	1	_	_	10
2	Собирање на искосената трева	_	_	_	1	2	2	1	2	1	1	_	_	10
3	Чистење на зелени површини	1	1	1	1	1	1	1	1	1	1	1	1	12
4	Собирање на отпад и износ	20	20	20	20	20	20	20	20	20	20	20	20	240
5	Метење на асфалтни стази	20	20	20	20	20	20	20	20	20	20	20	20	240

2.Вонградско зеленило

Заштитните шуми на локациите е од големо значење за општина Центар Жупа. Овие шуми имаат големо значење за општината, односно е од големо значење за ерозијата на почвата. Неопходно е чување на шумата и нејзино пошумување со што би го запазиле шумскиот фонд.

Во заштита на човековата околина пресудно значење има вонградското зеленило кое со својата конфигурација на теренот со повеќе сливни подрачја гравитираат во околината. Од овој аспект вонградско зеленило има пресудно значење за изградената канализација во населените места од една страна, а од друга претставува излетничко место за граѓаните од општината за рекреација и излети.

Табела

место за пошумување	,,Пареши	,,црнобоци	броштица	новак	Житинани
ГОЛЕМИНА НА МЕСНОСТА ЗА ПОШУМУВАЊЕ	50 ха	15 ха	50 ха	370 ха	45 ха

III. ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Задолжен субјект за извршување на активностите предложени со оваа Програма е ЈП-Кале .и вонредната акцијата за засадиго твоето дрво.

ЈП-Кале изготвува Годишна програма за работа, која ги содржи површините, основните операции и динамиката на нивно извршување, поделбата на територијата на реони и катастарски преглед на секоја од површините, како и потребните средства.

За подигањето на ново јавно зеленило и реконструкција на деградирано јавно зеленило, Општина Центар Жупа, покрај ЈП-Кале“, може да вклучи и други правни лица, одбрани преку јавен повик.

IV. НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над извршувањето на Програмата, согласно Одлуката за комунален ред, врши Одделението за урбанизам и комунални работи и Заштита на Животна Средина..

Инспекциски надзор, согласно Одлуката за комунален ред, врши општинскиот комунален инспектор.

V. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА

Финансирањето на активностите за одржување на јавното зеленило, предвидени со оваа програма, се врши од Буџетот на општина Центар Жупа Програма каде што се предвидени средства во висина од 500.000,оо денари.

Делот на подигање и реконструирање на јавните зелени површини се финансира преку Програмата за уредување на градежно земјиште за 2016 година.

Цените за работите околу одржувањето, подигањето и реконструкцијата на зеленилото, кои ги врши ЈП-Кале се дефинирани согласно важечките ценовници за ваков вид на услуги.

VI. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на општина Центар Жупа”.

Општина Центар Жупа
Прецедател на совет
Бирџан Селман